АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗЕЛЕНА ИНФРАСТРУКТУРА – ОПШТИНА ШТИП И ОБШТИНА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (2025–2030)

Име на документот:
Акциски план за зелена инфраструктура за Штип и Гоце Делчев (2025–2030 година)

Изработен во рамките на проектот:
„Трансформирање на урбаните објекти со зелена инфраструктура – EcoScape“, финансиран преку Програмата INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021–2027

Одговорен за спроведување на планскиот документ:
Центар за развој на Источниот плански регион

Датум на изработка:
2026 година

„Овој документ е кофинансиран од Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Центарот за развој на Источниот плански регион и на Општина Гоце Делчев и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.“

ЦЕЛ И ОПФАТ

Овој Акциски план (2025–2030) го операционализира спроведувањето на Заедничката стратегија за зелена инфраструктура (2025–2035) на ниво на Општина Штип и општина Гоце Делчев
Планот ги утврдува:

- приоритетните просторно-дефинирани интервенции,
- фазите на имплементација,
- носителите на активности,
- индикаторите за следење,
- индикативна буџетска логика.

Периодот 2025–2030 претставува прв имплементациски циклус.

ОПШТИНА ШТИП

ПРОСТОРНИ ПРИОРИТЕТИ

1. УРБАН РЕЧЕН КОРИДОР – ОТИЊА

Реката Отиња претставува главна сино-зелена оска во урбаното јадро на Штип. Постоечките кејови и уредени делници овозможуваат понатамошно зајакнување на зелената структура и подобрување на јавниот простор.
Приоритетни насоки:

- позеленување на кејот,
- засилена сенка и дрвореди,
- континуирана пешачка поврзаност,
- мерки за спречување на отпад во коритото.

2. УРБАНА ДЕЛНИЦА НА БРЕГАЛНИЦА

Брегалница има пошироко еколошко и хидролошко значење. Во урбаниот дел се потребни интервенции насочени кон:

- стабилизација на бреговите,
- подобрување на пристапот до пешачкиот мост,
- заштита од ерозија,
- интеграција на природна вегетација.

3. ЦЕНТРАЛНА УРБАНА ЗЕЛЕНА МРЕЖА

Подрачјето околу улица „Васил Главинов“ и улица „Маршал Тито“ претставува зона со зголемен топлотен стрес и интензивна урбана активност.
Приоритетни мерки:

- обнова и проширување на дрвореди,
- замена на болни дрвја,
- засенчување на автобуски постојки,
- воведување пропустливи површини каде што е изводливо.

4. МААЛСКИ ЗЕЛЕНИ ЗОНИ – СЕЊАК

Населба Сењак претставува приоритетна зона за маалско озеленување.

Приоритетни мерки:

- дополнително засадување дрвја,
- засенчување на игралишта,
- поставување сетови за селекција на отпад,
- програма за редовно одржување.

5. ОБРАЗОВНА ЗЕЛЕНА МРЕЖА

Училишните дворови претставуваат клучни локални зелени јадра.
Опфатени училишта:

- ООУ „Ванчо Прќе“
- ООУ „Тошо Арсов“
- ООУ „Гоце Делчев“
- ООУ „Димитар Влахов“

Мерки:

- засадување дрвја,
- создавање сенка,
- мали дождовни градини каде што е изводливо,
- едукативни активности.

6. ИСАР – УРБАНО-ПРИРОДНА РАМКА

Ридот Исар има пејзажно и културно значење.
Мерки:

- контрола на ерозија,
- обележување пешачки патеки,
- заштита од неконтролирана урбанизација.

16.3 ДИНАМИКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА (2025–2030)

2025 – ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ И БРЗИ МЕРКИ (ВИСОК ПРИОРИТЕТ)

- Воспоставување зелен катастар
- Доозеленување на кејот на Отиња
- Селекција на отпад – кеј Отиња
- Доуредување на парк во Сењак
- Озеленување на училишни дворови (прва фаза)
- Кампања „Зелен Штип“

2026–2027 – УРБАНА ПОВРЗАНОСТ И КЛИМАТСКА АДАПТАЦИЈА

- Програма за дрвореди (ул. „Васил Главинов“, „Маршал Тито“)
- Замена на болни дрвја
- Засенчување автобуски постојки
- Фаќачи на отпад во речни корита
- Подобрување пристап до пешачки мост на Брегалница
- Озеленување училишта (втора фаза)

2028–2029 – РЕЧНИ И СТРУКТУРНИ ИНТЕРВЕНЦИИ

- Стабилизација на бреговите на Брегалница
- Делумна ре натурализација на Отиња
- Обнова на централен парк
- Микро зелени џебови во густо населени делови
- Урбано пошумување

2030 – КОНСОЛИДАЦИЈА И РЕВИЗИЈА

- Финализација на речни мерки
- Проширување на програмата за пошумување
- Среднорочна евалуација
- Годишен извештај за зелена инфраструктура

ОПШТИНА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ПРОСТОРНИ ПРИОРИТЕТИ

1. ГРАДСКИ РЕЧЕН КОРИДОР – Р. ГРАДСКА

Реката Градска претставува главна сино-зелена артерија во урбанизираното јадро на градот Гоце Делчев. Реката, пред сè, е „зелена артерија“ и ’рбет на градскиот екосистем и оформува линеарен простор кој го потпомага навлегувањето на локалната флора и фауна во срцето на урбанизираната територија и има позитивна улога врз терморегулацискиот режим во централните градски делови, канализирајќи го движењето на постудени воздушни маси од планината кон градот.

Од друга страна, реката Градска е критична инфраструктура за управување со ризикот од поплави, поради специфичната положба на градот Гоце Делчев во подножјето на планината Пирин, каде што при одредени хидро-метеоролошки услови ризикот од ненадејни поплави и високи речни води е значителен.

Предвидените активности се:

- Проектно-истражувачки работи и изработка на инвестициски проект, авторски надзор;
- Враќање на проточноста на речното корито во комбинација со други еколошки прифатливи мерки за заштита од поплави;
- Биолошко зајакнување на бреговите – заштита на бреговите со габиони, затревување на косините;
- Изградба на земјено-насипни / камено-насипни насипи;
- Изградба на зелена инфраструктура со цел приспособување кон климатските промени – 4 хектари.

2. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ЗЕЛЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЦЕНТРАЛНИОТ ГРАДСКИ ДЕЛ НА ГР. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Иницијативата е целосно поврзана со подобрување и зголемување на зелената инфраструктура во градската зона, која има силен еколошки ефект, ги намалува сите форми на загадување, вклучително и намалување на јаглеродните емисии преку повеќе зелени зони, го поттикнува биодиверзитетот во градот, ги намалува микро температурите и, покрај тоа, има социјална функција за одмор и рекреација.

Предвидените активности се:

- Пред проектно истражување, инвентаризација и мапирање на постојната парковска растителност;
- Изработка на инвестициски проект за модернизација на зелената инфраструктура во централниот градски дел;
- Изведба на градежно-монтажни работи за уредување на тревни површини, цветни градини, дрвја и грмушки, систем за наводнување, пешачка алејна мрежа, клупи, перголи и корпи за отпадоци, замена на подлоги од природни материјали, поправка на 2 фонтани, парковско осветлување и видеонадзор во централниот градски дел.

---

3. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „БЈАЛО МОРЕ“ И ПРИПАДНОТО МЕЃУБЛОКОВСКО ПРОСТОРСТВО ВО КВ. 107

Иницијативата е целосно поврзана со подобрување и зголемување на зелената инфраструктура во градската зона, со приоритет на меѓу блоковските простори во опфатот на ул. „Бјало Море“, а истовремено и со подобрување на патната инфраструктура и транспортната поврзаност.

Предвидените активности се:

- Изработка на инвестициски проект за реконструкција на ул. „Бјало Море“ и припадното меѓу блоковско пространство во кв. 107;
- Изведба на градежно-монтажни работи за реконструкција на улицата;
- Изведба на сите придружни активности неопходни за реализација на проектот – извештај за ОСИП, градежен надзор, пуштање на објектот во употреба, организација и управување, ревизија, информирање и комуникација.

---

4. УРЕДУВАЊЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И МЕЃУБЛОКОВСКИ ПРОСТОРИ

Меѓу блоковските простори се клучен елемент во зелената инфраструктура. Тие, освен што го подобруваат естетскиот изглед на градската средина, имаат и многу важна еколошка улога, бидејќи ги подобруваат микро климатските услови и го збогатуваат градскиот биодиверзитет. Иницијативата е целосно поврзана со подобрување и зголемување на зелената инфраструктура во градската зона, со приоритет на меѓу блоковските простори.

Предвидените активности се:

- Изградба на детски игралишта, с. Буково;

- Уредување на меѓу блоковско пространство во кв. 52, гр. Гоце Делчев;
- Уредување на меѓу блоковски простори во ж.к. „Југ“, гр. Гоце Делчев;
- Уредување на меѓу блоковски простори во ж.к. „Дунав“ и припадна улична мрежа, гр. Гоце Делчев.

---

5. ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНАТА РАСТИТЕЛНОСТ

Уличната растителност, освен естетска улога, има и позитивно влијание врз квалитетот на атмосферскиот воздух и квалитетот на живот во гр. Гоце Делчев. Поради оваа причина, одржувањето на постојната и проширувањето на територијалниот опфат на уличната растителност се клучни за подобрување на градската средина.

Предвидените активности се:

- Садење нови дрвја;
- Одржување на постојната улична растителност;
- Изградба и одржување на дигитален регистар.

---

6. ЗЕЛЕНИ КОРИДОРИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АТМОСФЕРСКИОТ ВОЗДУХ И ЗБОГАТУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ БИОДИВЕРЗИТЕТ

Градската и приградската растителност, освен естетска улога, има и позитивно влијание врз квалитетот на атмосферскиот воздух и квалитетот на живот во гр. Гоце Делчев. Поради оваа причина, одржувањето на постојните и проширувањето на територијалниот опфат на зелените коридори што ги поврзуваат градските со приградската зони е клучно за подобрување на градската средина.

Предвидените активности се:

- Садење нови дрвја;
- Изградба на најмалку 50 декари нова зелена инфраструктура.

---

7. ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Зелените површини во образовните институции се локални зелени јадра со големо значење за обезбедување здрава градска средина за најранливите општествени групи, односно децата и младите.

Предвидените активности се:

Мерки:

- Одржување на зелените површини во образовните институции;
- Садење нова долготрајна растителност;
- Засенчување;

- Изградба на системи за наводнување;
- Настава на отворено.

---

8. ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ И ПЕШАЧКИ МАРШРУТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Велосипедските патеки и туристичките патеки се „крвотокот“ на зелената инфраструктура. Во современиот урбанизам тие не се разгледуваат само како асфалтни патеки за движење, туку како мулти функционални коридори што интегрираат транспорт, екологија и здравје.

Предвидените активности се:

- Пред проектни истражувања и проектирање;
- Изградба на велосипедска патека со маршрутата Гоце Делчев – Марчево – Огњаново – Балдево – Господинци – Гоце Делчев;
- Одржување и изградба на нови еко/туристички маршрути.

---

9. МЕРКИ ЗА КРУЖНА, РЕСУРСНО-ЕФИКАСНА ЕКОНОМИЈА И ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Преминот кон кружна и ресурсно-ефикасна економија е клучен столб во современиот градски развој, особено во контекст на проекти како „зелените артерии“ и обновувањето на меѓу блоковските простори. Основната идеја е да се премине од моделот „земи-направи-фрли“ кон затворен циклус, при кој отпадот се претвора во ресурс.

Предвидените активности се:

- Селективно собирање отпад;
- Собирање биоразградлив отпад;
- Набавка и монтажа на локални компостери.

16.3 ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО 2025–2030

2025 – ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ И БРЗИ МЕРКИ

Висок приоритет

- Изградба на дигитален регистар на долготрајната растителност;
- Селективно собирање отпад;
- Тековно одржување на зелениот систем.

2026–2027 – УРБАНА ПОВРЗАНОСТ И КЛИМАТСКА АДАПТАЦИЈА

- Замена на болни дрвја;
- Проектно-истражувачки работи за утврдување на точниот опфат на активностите за превенција од поплави и мапирање на загрозените делови на реката Градска;
- Селективно собирање отпад;
- Враќање на проточноста на речното корито во комбинација со други еколошки прифатливи мерки за заштита од поплави;
- Предпроектно истражување, инвентаризација и мапирање на постојната долготрајна парковска растителност.

2028–2029 – РЕЧНИ И СТРУКТУРНИ ИНТЕРВЕНЦИИ

- Биолошко зајакнување на бреговите – заштита на бреговите со габиони, затревување на косините долж течението на р. Градска;
- Уредување на меѓу блоковски простори и изградба на зелена инфраструктура;
- Обновување и уредување на централниот парк во гр. Гоце Делчев;
- Изградба на зелени постојки, покриви и ѕидови;
- Изградба на зелени коридори.

2030 – КОНСОЛИДАЦИЈА И РЕВИЗИЈА

- Завршување на мерките за заштита од поплави и зајакнување на речните брегови;
- Проширување на програмата за изградба на зелени коридори;
- Оценка на спроведувањето на предвидените мерки

16.4 КОНСОЛИДИРАНА ТАБЕЛА НА МЕРКИ

За општина Штип

Бр	Мерка	Локација	Период	Приоритет	Индикатор	Буџетска категорија
1	До озеленување и уредување на кејот	Река Отиња	2025–2027	Висок	км уреден потег; број засадени дрвја	Капитално + одржување
2	Континуирана пешачка поврзаност	Отиња – центар	2025–2028	Висок	должина на поврзана патека	Средно капитално
3	Стабилизација на брегови	Брегалница	2028–2029	Висок	м стабилизиран брег	Повисоко капитално
4	Подобрување пристап до пешачки мост	Брегалница	2026–2027	Висок	број уредени пристапи	Средно
5	Урбано пошумување	Цела општина	2029–2030	Среден	број новозасадени дрвја	Средно
6	Доуредување маалски парк	Населба Сењак	2025–2026	Висок	m² уредена површина	Средно
7	Микро зелени зони	Густо населени делови	2029–2030	Среден	број реализирани локации	Ниско
8	Озеленување училишен двор	ООУ „Ванчо Прќе“	2025–2027	Висок	% засенчена површина	Ниско–средно
9	Озеленување училишен двор	ООУ „Тошо Арсов“	2025–2027	Висок	број засадени дрвја	Ниско–средно
10	Озеленување училишен двор	ООУ „Гоце Делчев“	2026–2028	Среден	m² зелена површина	Ниско
11	Озеленување училишен двор	ООУ „Димитар Влахов“	2026–2028	Среден	број засадени дрвја	Ниско
12	Програма за дрвореди	Ул. „Васил Главинов“	2026–2030	Висок	должина со континуирана сенка	Средно
13	Обнова на централен парк	Централно подрачје	2028–2029	Висок	m² обновена површина	Средно
14	Селекција на отпад	Кеј Отиња	2025–2026	Висок	kg селектиран отпад	Ниско
15	Селекција на отпад	Парк Сењак	2025–2026	Висок	број поставени сетови	Ниско
16	Фаќачи на отпад	Критични точки – Отиња	2026–2028	Висок	број инсталации	Средно
17	Зелен катастар	Цела општина	2025–2026	Висок	воспоставена база	Ниско–средно
18	Годишен извештај	Општина Штип	2025–2030	Висок	1 извештај годишно	Оперативно
19	Делумна ренатурализација	Отиња – периферија	2028–2030	Среден	m природно уреден брег	Повисоко

20	Урбано-рурален зелен појас	Периферна зона	2026–2029	Среден	m појас	Средно
21	Засенчување автобуски постојки	Центар	2026–2028	Среден	број засенчени постојки	Ниско–средно
22	Пропустливи површини	Јавни паркиралишта	2027–2030	Низок	m² заменета површина	Средно
23	Обнова дрвореди	Ул. „Маршал Тито“	2026–2030	Висок	број заменети дрвја	Средно
24	Контрола на ерозија	Исар	2025–2027	Среден	број третирани точки	Ниско–средно
25	Обележување еколошки патеки	Исар	2026–2028	Среден	km означени патеки	Ниско
26	Урбани дождовни градини	Централно подрачје	2027–2030	Среден	број реализирани	Средно
27	Реконструкција игралишта со сенка	Сењак / центар	2026–2027	Среден	број реконструирани	Средно
28	Зелени кровови	Јавни објекти	2027–2030	Низок	број објекти	Средно
29	Инвентаризација стари дрвја	Центар	2026	Среден	изработен регистар	Ниско
30	Програма за замена на болни дрвја	Цела општина	2026–2030	Среден	број заменети	Средно

За општина Гоце Делчев

Бр.	Мерка	Локација	Период	Приоритет	Индикатор	Буџетска категорија
1	Проектно-истражувачки работи за утврдување на точниот опфат на активностите за превенција од поплави и мапирање на загрозените делови	Река Градска	2025–2027	Висок	Број извршени истражувања	Капитално + одржување
2	Враќање на проточноста на речното корито во комбинација со други еколошки прифатливи мерки за заштита од поплави	Река Градска	2025–2028	Висок	м исчистено речно корито	Повисоко капитално
3	Биолошко зајакнување на бреговите – заштита на бреговите со габиони, затревување на косините	Река Градска	2028–2029	Висок	м зајакнат брег	Повисоко капитално

4	Изградба на мали баферни базени во коритото на реката	Река Градска	2026–2027	Висок	Број изградени базени	Повисоко капитално
5	Предпроектно истражување, инвентаризација и мапирање на постојната парковска растителност	Гр. Гоце Делчев	2026–2030	Среден	Број истражувања	Средно
6	Уредување на постојната зелена инфраструктура	Гр. Гоце Делчев	2025–2027	Висок	м² уредена површина	Средно
7	Изградба на зелена инфраструктура во меѓублоковски простор во кв. 107	Гр. Гоце Делчев	2025–2027	Висок	м² изградена зелена инфраструктура	Средно
8	Уредување на меѓублоковски простор во кв. 52	Гр. Гоце Делчев	2025–2027	Висок	м² изградена зелена инфраструктура	Средно
9	Уредување на меѓублоковски простори во ж.к. „Југ“, гр. Гоце Делчев	Гр. Гоце Делчев	2025–2027	Висок	м² изградена зелена инфраструктура	Средно
10	Уредување на меѓублоковски простори во ж.к. „Дунав“	Гр. Гоце Делчев	2026–2027	Висок	м² изградена зелена инфраструктура	Средно
11	Одржување на улична растителност	Гр. Гоце Делчев	2026–2030	Среден	Број обработени и новозасадени дрвја	Ниско
12	Зелени коридори за подобрување на квалитетот на атмосферскиот воздух и збогатување на градскиот биодиверзитет	Општина Гоце Делчев	2026–2030	Висок	Декари изградена зелена инфраструктура	Средно
13	Изградба на велосипедски патеки на територијата на општина Гоце Делчев	Општина Гоце Делчев	2028–2030	Среден	км изградени нови велосипедски патеки	Средно
14	Селективно собирање отпад	Општина Гоце Делчев	2025–2030	Висок	кг селективно собран отпад	Средно
15	Собирање биоразградлив отпад	Општина Гоце Делчев	2025–2030	Висок	кг собран биоразградлив отпад	Средно
16	Изградба на зелени постојки, покриви и ѕидови	Гр. Гоце Делчев	2026–2020*	Среден	м² изградена инфраструктура	Ниско–средно
17	Борба со ерозивни процеси	Општина Гоце Делчев	2025–2030	Среден	м² обработени терени	Ниско–средно
18	Изградба и одржување на зелената инфраструктура во образовните институции	Општина Гоце Делчев	2025–2030	Среден	Број ново засадени дрвја / м² одржана зелена инфраструктура	Средно

19	Одржување и изградба на еко-патеки и пешачки маршрути	Општина Гоце Делчев	2026–2030	Среден	км одржана / новоизградена пешачка инфраструктура	Ниско
20	Изградба на дигитален регистар на долготрајната растителност	Гр. Гоце Делчев	2025–2026*	Висок	Број изградени регистри	Средно

16.5 ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ

- m² зелени површини по жител
- Број новозасадени дрвја
- Должина на уредени речни појаси (км)
- % засенчени училишни дворови
- Количина селектиран отпад (kg/год.)
- Годишен извештај за спроведување

Среднорочна ревизија се спроведува во 2030 година.

16.6 БУЏЕТСКА ЛОГИКА

Акциският план не утврдува фиксни буџети, туку индикативни категории на инвестиции:

- Ниско вложување – училишни дворови, селекција на отпад, инвентаризација
- Средно вложување – дрвореди, маалски паркови, дождовни градини
- Повисоко вложување – стабилизација на речни брегови и ре натурализација

Извори на финансирање:

- Општински буџет
- Национални програми
- ЕУ инструменти и прекугранични фондови
- Јавно-приватни партнерства